


**Денот на македонските и сесловенските просветители Свети Кирил и Методиј, 24 мај 2022 година**

**,**

**ќе биде запишан со златни букви во историјата на Македонската православна црква-Охридска Архиепископија (МПЦ-ОА). Имено, на свечената Божествена литургија што се одржа во Соборната македонска православна црква „Свети Климент Охридски“ во Скопје, Патријархот на Српската православна црква (СПЦ) г. Порфириј ја соошшти радосната вест дека Светиот сабор на СПЦ едногласно донесол одлука да ја признае МПЦ-ОА за афтокефална.**

**Затоа, тој ден ќе биде запишан како историски за светлата иднина на МПЦ-ОА и за Република Македонија, бидејќи** признавањето на автокефалсноста отвора нова страница од нашата црковна историја, живот, сегашност и иднина. Исто така тој е ден за радост и на целото православие, збогатено со уште една сестринска црква.

Оваа Одлука е историска и значи окончување на 55-годишниот спор меѓу двете цркви. Всушност тоа е одговор на Српската православна црква со која започнува процесот на уредување на прашањата што ги има помеѓу неа и Црквата во Република Македонија, секако во рамките на светоканонскиот чин и црковното предание. Тоа е новиот момент во македонско-српските црковни односи

Признавањето на автокефалноста на МПЦ-ОА од страна на СПЦ претставува единство постигнато само врз основа на евангелска љубов и братско разбирање, преку молитвите на сите христијани. Со овој чин се потврди дека раководствата на МПЦ-ОА и на СПЦ покажаа како со мудрост, разбирање и взаемна почит може да се надминат долгогодишните историски спорови и, наместо раздор да се создаваат братски врски кои ќе бидат натамошна основа за приближивање, соработка, и христијанска љубов на двата народи и двете цркви.

Честитки за мудроста, обединетоста и достојноста на Светиот Синод на МПЦ - ОА и неговото блаженство г.г. Стефан, за градењето на мостови, за бранењето на нашиот идентитет и вредности и за премостените децениски и вековни јазови. После одлуката на Вселенската патријаршија, како и оваа од 24 мај, настапува историја важна за македонскиот христијански народ и Република Македонија.

Спорот меѓу Српската православна црква и Македонската православна црква – Охридска архиепископија трае 55 години. Тој е еден огромно долг  период во кој се тестираа сите можни решенија. За жал, последниве година-две немаше ниту најави дека ќе се случи вакво нешто. Но,клучниот пресврт се случил во Белград, каде се дојде до сознание дека македонскиот народ има право на автокефална црква.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**